ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09-533/1
21-02-2023 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.02-2023**
**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр.02-2023 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас во количина од 1200 MWh дневно до 2380 MWh дневно, со флексибилен почетен датум во еден од деновите помеѓу 01.03.2023 година и 05.03.2023 година, и краен датум 31.03.2023 година / гас-ден, на точка на испорака главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.3 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.4 Рокот за доставување на понуди по јавниот повик бр.02-2023 е до 24.02.2023 година, до 10:00 часот.

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата треба да содржи:

2.1.1 Технички карактеристики:

Природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

<u>**Хемиски состав, mol %**</u>

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0° C до +50° C

ЕСМ ПРОДАЖБА

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

2.1.2 Земја на потекло на природниот гас.

2.1.3 Вкупна количина на природен гас која понудувачот ја има обезбедено на главната мерна станица (ГМС) Жидилово, за период 01.03.2023 година до 31.03.2023 година / гас-ден, изразена во мерни единици MWh.

2.1.4 Единечна фиксна цена во мерна единица MWh.

2.1.5 Услови на плаќање.

2.1.6 Начин на обезбедување доколку се бара авансно плаќање (банкарска гаранција или корпоративна гаранција).

2.1.7 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека е во можност да ги обезбеди наведените количини на природен гас за периодот за кој се дава понудата.

2.1.8 Назив, адреса и седиште на понудувачот.

2.1.9 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда, и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk
- Оригинални понуди во тврда копија, доставени во архивата на ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, на ул.11-ти Октомври бр.9, 1000 Скопје
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: esmprodazba-toplina@elem.com.mk

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ